**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# С Т Р А Т Е Ш К И   П Л А Н
## НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ
2010 - 2012

Скопје, ноември 2009 година

# 1. СТРУКТУРА НА ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2010-2012 година претставува повеќе наменски документ кој ги одразува целите и задачите на Министерството за период од три години. Тие се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и со приоритетите на НПАА. Во согласност со интегралниот систем на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на буџетските пресметки.

Во Стратешкиот план за 2010-2012 година на Министерството за финансии се содржани целите и задачите на организациските единици и на Министерството во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите на истите. При тоа, дадени се потребните човечки и финансиски ресурси за нивно остварување. Реализацијата на целите и задачите е дадена по носители и рокови за нивно извршување. Во овие рамки, покрај редовните активности, се става акцент на продолжување на реформите на полето на јавните финансии и јавната администрација. При тоа, ќе се поднесуваат предлози и анализи од економската, финансиската и социјалната област и ќе се координираат активностите поврзани со економските импликации; формирањето и извршувањето на буџетот; управувањето со трезорот; управувањето со јавниот долг; даночната, царинската политика, финансискиот сектор, усогласувањето со ЕУ и меѓународните финансии, јавните набавки; внатрешната ревизија, борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари во делот на своите надлежности; реализацијата на реформските зафати и другите обврски од своја надлежност сврзани со евроатлантските интеграциони процеси; имплементацијата на ИПА фондовите; реализацијата на програмските определби сврзани со Охридскиот рамковен договор, особено во делот на финансиската и фискалната децентрализација, а во тие рамки и операционализацијата и имплементацијата на нормативните акти во делот на финансирањето на локалната самоуправа и друго.

## 1.2. ЦЕЛ (МИСИЈА) НА МИНИСТЕРСТВОТО

Главната цел на Министерството за финансии е да одржи силно јавно финансирање, како и стабилна макроекономска рамка, продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот растеж. Постигнувањето на оваа цел ќе значи зголемување на благосостојбата, како и подобрување на квалитетот на живеењето во Република Македонија.

## 1.3. ВИЗИЈА

Визијата на Министерството е да се оствари: натамошно јакнење на силното и стабилно јавно финансирање, јакнење на административните, кадровските и техничките капацитети за проектирање на стабилна и реална, развојна и макроекономска рамка со користење на современи макроекономски модели; успешно функционирање на децентрализираниот систем на финансирање; заокружување на процесот на денационализација и приватизација на градежното земјиште; успешно менаџирање со стоковите резерви и користење на ЕУ фондовите, како и јакнење на капацитетите што се во функција на борбата против организираниот криминал и корупција од аспект на надлежностите на Министерството за финансии.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството ги врши работите што се однесуваат на: системот на финансирање; трезорскиот систем; имплементацијата на претпристапните (ИПА) фондови од ЕУ; царинскиот систем; даночниот систем и даночната политика; системот на девизно работење; финансискиот систем, платните системи, системот за државна и комерцијална ревизија; макроекономската политика и политиката за развој на националната економија; јавните инвестиции; капиталните расходи; странската помош и помошти кои генерираат компензациони фондови, наплата на обврските, напуштање на учеството на државата во претпријатијата, односно во трговските друштва по основ на побарувања; игрите на среќа; подготовка на Предлог - Буџетот за државата и завршната сметка на Буџетот; предлагање на даночната политика; обезбедување на централно плаќање на обврските; водење централна евиденција на сметките и управување со единствената сметка на Трезорот; спроведување на внатрешната финансиска контрола во Министерството и организирање на истата во другите органи; надзор врз правилната примена на прописите од областа на девизното работење, трговијата со странство и услугите и обезбедување поефикасно користење на готовинските средства. Министерството за финансии издава дозволи за вршење на работи на ревизија и дозволи за вршење финансиски лизинг; управува со јавниот долг со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата преку минимизирање на трошоците и ризикот на среден рок; врши евиденција, следење и сервисирање на обврските по јавниот долг; управува со постојното портфолио на јавниот долг; ги координира и организира посетите на агенции за кредитен рејтинг во Република Македонија. Министерството е одговорно за координација на соработката со меѓународните финансиски институции, при што соработува и непосредно учествува во преговорите со ММФ и со Светската банка за аранжманите кои се во поддршка на имплементацијата на структурните реформи за економски развој, како и со Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициона банка, Банката за развој при Советот на Европа и билатерални финансиски институции во однос на утврдување на најповолен начин за финансирање на проектите, организацијата во сите фази на преговорите, координација на министерствата и другите инволвирани институции во имплементацијата на конкретен проект, како и следење на нивната реализација, потоа следење на активностите во врска со: склучувањето и реализацијата на Договорот за асоцијација и стабилизација на РМ со ЕУ, остварувањето на реформите за постапно приближување кон структурите и стандардите на Унијата, усогласување на законите од областа на финансиите со европското законодавство, приспособување на даночната и царинската регулатива во насока на создавање услови за слободен проток на стоки, услуги и работна сила, интензивирање на соработката со соседните и со земјите од регионот за побрза интеграција на Република Македонија во Европската унија. Министерството, исто така, одлучува по жалби против првостепено решение во состав на органот на државната управа во областа на даноците и царините; остварува активности сврзани со потребата за јакнење на системот на борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето на пари во Македонија, односно јакнење на правната држава и владеењето на правото, во делот на надлежностите на Министерството за финансии. Исто така, Министерството го надгледува спроведувањето на политиките и постапките кои ги донесува, и ја надгледува работата на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Бирото за стокови резерви, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Управата за финансиска полиција и Бирото за јавни набавки, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи и Државниот девизен инспекторат како органи во состав на Министерството за финансии.

## ПОДДРШКАТА НА ВЛАДИНИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА КОИ ЌЕ СЕ АНГАЖИРА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

*А. Стратешки приоритети во 2010 година се утврдуваат за:*

1. зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење;
2. интеграција во НАТО и ЕУ;
3. продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото;
4. одржување добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот како и довршување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор;
5. инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава.

*За остварување на стратешките приоритети се утврдуваат следните приоритетни цели:*

- подобрување на бизнис климата и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси;
- зголемување на странските и домашните инвестиции;
- спроведување на активните политики за вработување со кои се делува врз знаењето и квалификациите на понудата на работна сила;
- инвестирање во инфраструктурни објекти;
- спроведување на политиката за рамномерен регионален развој;
- развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој;
- продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор;
- продолжување со реформата на јавната администрација;
- заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на децентрализираниот систем на локалната самоуправа;
  јакнење на системот за процесот на влијанието на регулативата;
- јакнење на административните капацитети за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ;
- зајакнување на капацитетите за имплементација на acquis (НПАА) со соодветни човечки и финансиски ресурси.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Специфичностите произлегуваат од фактот што документите кои ова Министерство ги предлага, особено Националниот развоен план, Макроекономската политика, Фискалната стратегија, Буџетот, Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија, како и Стратегијата за управување со јавен долг претставуваат рамка за димензионирање и насока на дејствување на останатите државни органи, особено од финансиски аспект. Исто така, Министерството за финансии, во рамки на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и фискалното работење од аспект на законитоста, наменското користење на средствата и слично. Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури (Националниот Координатор за авторизација и Програмскиот Службеник за Авторизација/Раководител на Оперативната Структура) кои што сносат крајна одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпистапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата кои произлегуваат од договорите склучени во однос на ИПА помеѓу Владата на РМ и Европската Комисија. Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат од законските овластувања во делот на јавните набавки и во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување на перењето пари и финансирање на тероризам.

## 1.6. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ




МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Министер за финансии
Органи во состав на Министерството за финансии
Управа за имотно правни работи
Државен девизен инспекторат
Органи во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице
Управа за јавни приходи
Царинска управа
Агенција за стоковни резерви
Управа за финансиска полиција
Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам
Биро за јавни набавки

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

**1.8.1.** Обезбедување одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата, покрај другото и преку зголемување на конкурентноста, пораст на инвестициите и подобрување на бизнис клима и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси, натамошен развој на земјоделството и економската инфраструктура, со остварување на одржлив раст на БДП, кој заради влијанието на светската економска и финансиска криза е корегиран и во периодот 2010-2012 година се предвидува дека ќе изнесува околу 3,5% просечно годишно.

**1.8.2.** Одржување на макроекономската стабилност, преку фискална и монетарна рамнотежа и конзистентност, со цел одржување на стапката на инфлација од околу 2,2% просечно годишно во периодот од 2010-2012 година, создавање услови за постепено намалување на учеството на трговскиот дефицит во БДП околу 25,5% и одржување на учеството на буџетскиот дефицит околу 2,2% од БДП.

**1.8.3.** Одржување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор, односно управување со јавен долг преку минимизирање на трошоците и ризиците на среден рок. Така, согласно среднорочните таргети донесени во Стратегијата за управување со јавен долг 2009-2011, вкупниот јавен долг во овој период не смее да надмине 40% од БДП, додека државниот долг се лимитира до 30% од БДП. Гарантираниот долг согласно зададените таргети не смее да надмине 10% од БДП.

- Развој на пазарот на државни хартии од вредност преку континуирано издавање на државни записи и обврзници;
- Емисија на еврообврзници на меѓународните финансиски пазари;
- Стимулирање на побарувачката на домашните хартии од вредност;
- Креирање на интегрирана база на податоци за јавниот долг.

**1.8.4.** Завршување на втора фаза на фискалната децентрализација и унапредување на финансирањето на единиците на локална самоуправа со поголема фискална автономија.

**1.8.5.** Позасилена наплата на изворните приходи и другите приливи.

**1.8.6.** Обезбедување на рационално и наменско користење и динамичка усогласеност на изворните приходи.

**1.8.7.** Зајакнато управување со ликвидноста на средствата на краток и среден рок.

**1.8.8.** Усогласување на нормативната рамка со таа на ЕУ - реализација на приоритетите од партнерството за пристапување и НПАА, подготовка на сите стратешки документи кои како обврска произлегуваат со стекнувањето на кандидатскиот статус на земјата и остварување на реформите за постапно приближување кон структурите и стандардите на ЕУ.

**1.8.9.** Силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на поголеми структури во функција на владеењето на правото.

**1.8.10.** Јакнење на ефикасноста и транспарентноста во работењето и развивање на систематски пристап за едукација и стручно надградување на вработените преку континуиран процес на обука.

**1.8.11.** Финализирање на процесот на денационализација.

**1.8.12.** Финализирање на процесот на приватизација на изградено градежно земјиште.

**1.8.12.** Обезбедување на финансиско управување со средствата од ИПА во согласност со принципите на сигурен финансиски менаџмент и ефективно функционирање на системот за управување и контрола со средствата од инструмент за претпристапна помош на ЕУ – ИПА.

## 1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

### 1.9.1. Макроекономска политика

- Редовно се подготвувани Извештаи за Краткорочните економски движења на месечно и квартално ниво и доставувани до Владата на Република Македонија за информирање;
- подготвен е Годишен економски извештај (на македонски и англиски јазик), кој по разгледувањето од страна на Владата на Република Македонија е објавен на веб-страната на Министерството за финансии;
- подготвен е Нацрт-Национален развоен план на Република Македонија 2009-2013;
- подготвена е Претпристапната економска програма (ПЕП) 2008-2010 година;
- подготвен е модел за финансиско програмирање;
- подготвен е Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, како и Правилник за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување;
- спроведени се неопходни активности за реализација на мерките предвидени со промената на концептот на пресметка и исплата на плата на вработените (преминување од концепт на договарање и пресметка на нето кон концепт на бруто плата), како и намалување на придонесите од задолжително социјално осигурување.
- подготвена е Макроекономската политика за 2009 година;
- Редовно е следено остварувањето на макроекономските индикатори по сектори;

### 1.9.2. Буџетска политика

- Се продолжи со унапредување на буџетскиот процес преку имплементирање на новата софтверска апликација за изработка, планирање и следење на реализацијата на Буџетот;
- донесени се Измените и дополнувањата на Законот за Буџетите во насока на неопходно усогласување со Европското законодавство и потребно допрецизирање и дополнување на постојните законски одредби;
- усвоена е Фискалната стратегија на Република Македонија за периодот 2009 -2011 година;
- донесен е Буџетот на Република Македонија за 2009 година и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година;
- донесени се Измени и дополнувања на Буџетот на РМ за 2008 година;
- донесена е Завршната сметка на Буџетот за 2007 година;
- изготвен е Буџетскиот циркулар за 2009 година;
- редовно следење и информирање за реализацијата на буџетските проекции согласно Фискалната стратегија за периодот 2008-2010 година;
- обезбедено е редовно извршување на обврските и функциите на државата согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетите;
- усвоена е Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2008-2010 ;
- усвоен е Извештајот за реализација на Програма за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2007 -2009 во 2007 година;
- изготвена е Информација за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2007 година;
- изготвен е Стратешки план на Министерство за финансии за периодот 2009- 2011 година;
- се вршеше континуирано месечно информирање на Владата на Република Македонија за реализацијата на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2008 година;

### 1.9.3. Трезорско работење

- редовно следење и информирање за реализацијата на буџетските проекции, согласно со Фискалната стратегија за периодот 2009 - 20011 година;
- остварени се континуирани активности за редовна наплата на средствата по сите основи од страна на Компензациониот фонд;
- одобрување на нови кредити од Компезационите фондови согласно со условите и критериумите дефинирани во Одлуките за користење на средствата од КФ;
- активности сврзани со напуштање на учеството на државата во трговските друштва и банките по основ на капитал и побарувања;
- примена на законски решенија во насока на измените на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал;
- воспоставување на внатрешни акти – процедури за текот на движењето на документите, начинот на контрола и реализација на Секторот;
- дополнување на подзаконските акти од делокругот на Секторот;
- редовно извршување на обврските, согласно со Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетите и подзаконските акти од областа на трезорското работење;
- изготвени се процедури за внатрешните постапки за работа на Одделението за управување со фондови од Европската унија - Национален фонд;
- воспоставена правна рамка помеѓу сите институции инволвирани во имплементација со ИПА средствата
- согласно со ратификуваната Рамковна спогодба, Владата на РМ донесе Одлука за номинирање на Раководителот на Национален фонд.
- реализирани се обуки за сите вработени во ИПА структурите;
- реализирани советодавани мисии од страна на ЕК за надгледување на прогресот на воспоставување на ДИС:
- продолжуваат активноистите од Долгорочниот проект на ЕУ финансиран од CARDS 2005 „Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта во Република Македонија“ кој започна во 2007 година;

### 1.9.4. Централно финансирање и склучување на договори

- подготвени се прирачниците за внатрешните постапки за работа во ЦФЦД, како и Упатствата за спроведување на Програмите од страна на вработените;
- подготвен е графички приказ на текот на документите (ревизорска трага) за Процедурите за работа во ЦФЦД ;
- подготвени се и усвоени од Владата на Република Македонија детални Акциски планови за воспоставување на ДИС и Акциски планови за секоја ИПА компонента, со дефинирани рокови за спроведување на активностите потребни за акредитација на системот и одговорни лица/ институции;
- потпишани се двата дела на Финансиската спогодба за првата компонента од ИПА „Помош при транзиција и градење на институциите“ за 2007 година помеѓу Република Македонија и Европската комисија, за кои ЦФЦД обезбеди коментари;
- потпишан е Банкарски протокол помеѓу Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија, со цел утврдување на начелата и методите на работење со девизните сметки за управување со средствата од ИПА отворени во Народната банка на Република Македонија;
- изготвена е Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија која е усвоена од Владата на Република Македонија во октомври 2008 година, со која се воспоставуваат сите

институции и одговорни лица во рамките на децентрализираниот систем за управување со ИПА помошта, како и надлежностите и одговорностите на сите инволвирани страни;

- потпишан е Договор за спроведување на проектите финансирани од ИПА во кои се утврдени одговорностите на Националниот координатор за авторизација (НКА)/ Националниот фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) за спроведување на првите четири компоненти на ИПА и со кои се уредуваат нивните заемни права и обврски;
- потпишани се Оперативни договори за секоја Оперативна програма помеѓу Министерството за финансии и ресорните министерства;
- потпишан е Договор за субделегирање на задачите во однос на Проектот Коридор X помеѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта;
- потпишан е Договорот за проектот *Пречистителна станица за отпадни води во Прилеп* помеѓу министерот за финансии, министерот за животна средина и просторно планирање, градоначалникот на Прилеп и директорот на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ – Прилеп, со кој се дефинираат одговорностите за финансирање на оперативните трошоци и на трошоците за оддржување на Пречистителната станица за отпадни води по 2012 година;
- доставени се ИПА апликациите за големите инфраструктурни проекти: Проект Коридор X и Проект Пречистителна страница за отпадни води Прилеп;
- подготвен е Месечен извештај за напредокот којшто Националниот службеник за авторизација го испраќа до Европската комисија;
- редовно подготвување на информации за Владата на Република Македонија со цел известување за напредокот којшто е постигнат во процесот на воспоставување на децентрализираниот систем на управување со помошта, како и за кадровското екипирање на ИПА одделенијата во ресорните министерства.

**1.9.5. Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи**

- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на составување на годишниот даночен биланс за обврзниците кои вршат самостојна дејност и водат деловни книги;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на годишната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход;
- донесен е Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход за приходи од имот и имотни права;
- донесено е Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на пресметување и плаќање на аконтациите на персоналниот данок на доход по одбивка;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданачување;
- донесен е Правилник за формата и содржината на образецот РДО -ВП;
- донесен е Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на работните книги и на помошна евиденција на даночните обврзници што вршат самостојна дејност;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за ДДВ;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход;

- донесени се два закони со кои се врши измена и дополнување на Законот за администартивните такси (една измена и една измена и дополнување);
- донесена е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност
- донесен е Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Ирска за одбегнување на двојното оданочување;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за издавање на документ касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем на управување;
- донесен е Правилник за спроведување на даночните поттикнување кај данокот на данок на додадена вредност за донациите во јавните дејности;
- донесен е Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Литванија за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал;
- донесен е Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Катар за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања;
- донесен е Закон за изменување на Законот за даноците на имот;

#### 1.9.6. Финансиски систем

- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење;
- донесен е Законот за кредитно биро;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити;
- донесен е Закон за финансиско обезбедување;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за чек;
- донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет;
- донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија;
- донесени се измените и дополнувањата на Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата;
- донесен е Правилник за посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот за државната евиденција;
- донесен е Правилник за формата и содржината и начинот на пополнување на образецот за распределба на остварените приходи по дејности СПД-Рекапитулар;
- донесена е Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки;
- донесен е Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност;

- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
- остварени се активности поврзани со изготвување на нов Закон за државна ревизија;
- подготвен е Закон за Народна банка на Република Македонија;
- подготвен е нов Закон за инвестициски фондови во кој се внесени забелешките од Европска комисија;
- усогласен е и парафиран Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и државата Оман
- спроведена е перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување и другите субјекти на осигурителниот пазар преку прибирање, анализирање и верифицирање на извештаите и информациите кои ги доставуваат овие субјекти и други лица согласно Законот за супервизија на осигурување;
- издадени се два Прирачника од областа на осигурувањето и супервизијата на осигурување (Прирачник за спроведување супервизија на осигурување и Прирачник за спречување перење пари и финансирање тероризам во осигурувањето);
- спроведени се теренски (целосни) супервизии врз работењето на друштвата за осигурување (контроли),изготвени ѕе записници од спроведените супервизии и изречени ѕе супервизорски мерки;
- изготвени се податоци и информации неопходни за комплетирање на Извештајот за финансиска стабилност на РМ за 2008 година;
- изготвувени се квартални извештаи за обемот на работење на осигурителните субјекти и се објавени на страната на Министерството за финансии;

**1.9.7. Управување со јавен долг**

- емисија на државните хартии од вредност согласно со Календарот за емисија на ДХВ;
- прибирање и објавување на кредитниот рејтинг на Република Македонија од страна на реномирани агенции за кредитен рејтинг;
- редовно следење на состојбата на јавниот долг;
- редовно се публикувани извештаите за јавниот долг;
- редовно се сервисираат обврските по внатрешниот и надворешниот долг на државата кои се плаќаат од Буџетот на РМ;
- извршен е избор на фирма која ќе го изработи софтверот за управување со јавен долг кој ќе овозможи креирање на единствена централизирна база на податоци за јавниот долг,;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со јавен долг;
- донесена е Стратегија за управување со јавен долг за период 2008-2010 година;
- изработен е квартален извештај за Q1 и Q3 од 2008 година;
- изработен е полугодишен извештај за јавниот долг за првото полугодие од 2008 година
- изработен е Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за управување со јавен долг за 2007 година;
- изработена е Публикација за пазарот на државните хартии од вредност на двомесечна основа;
- донесени се и одобрени пишани процедури за работа на Секторот за управување со јавен долг;
- редовно ажурирање на WEB страната на Министерството за финансии во делот на Државни хартии од вредност и Јавни финансии-Јавен долг;
- редовно учество на претставници од Секторот за јавен долг во прговорите со меѓународните финансиски организации и комерцијални банки;

- воведени се индикатори за мерење на ризиците при управување со јавниот долг.

**1.9.8. Усогласување со Европската унија и меѓународни финансии**

- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај МБОР-Светската банка по Договор за Третиот Програмски заем за развојни политики – ПДПЛ 3;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај МБОР-Светската банка по Договор за заем за Проектот за подобрување на постојната регионална и локална инфраструктура;
- донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка;
- донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу Македонски железници АД Транспорт – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка, со кој ќе продолжат реформите во секторот железнички транспорт;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем за Проектот за изградба на фискултурни сали, за изградба или реновирање на салите во сите средни училишта во Република Македонија. Со овој Договор за заем се обезбедени 12.500.000 ЕВРА за реализација на дел од Проектот за изградба на 145 фискултурни сали, кој опфаќа изградба на фискултурни сали во средните училишта.;
- донесен е Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по договорот за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста, со цел подобрување на достапноста до кредити на МСП од индустријата за производство и преработка на земјоделски производи;
- донесен е Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра;
- донесен е Законот за гаранција на Република Македонија на обврските од Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година“;
- донесен е Законот за задолжување согласно со „Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година“со цел овозможување подобри услови и можности за работење на Македонски железници Транспорт АД Скопје, како и да се овозможи регулирање на дел од заостанатите обврски на Македонски железници кон Унгарски Железници МАВ СА;
- донесен е Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за заем за Проектот за подобрување на водоснабдувањето;
- донесен е Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) по Договорот за заем за Проектот за подобрување на водоснабдувањето;
- донесен е Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по Договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти;

- донесен е Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Владата на Република Португалија по Договорот за Проектот „Акциона програма за унапредување на општините и животната средина" во општините Велес и Штип;
- склучен е Рамковен Договор меѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка за регулирање на активностите на ЕИБ во Република Македонија;
- подготвени се потребните документи кои се составен дел на пакетот за акредитација на системот за децентрализирано управување со ИПА;
- изготвени се проектните идеи и формуларите за идентификација на проектите кои Министерството за финансии ќе ги имплементира во рамките на ИПА 2009;
- потпишан е Оперативниот договор за првата ИПА компонента со Програмскиот службеник за авторизација;
  редовно е следено и известувано за реализацијата на клучните приоритети од Партнерството за пристапување 2007 година, во надлежност на Министерството за финансии;
- редовно е следено и известувано за статусот на реализацијата на мерките и активностите на Министерството за финансии, кои произлегуваат од Скицата за реализација на препораките од Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија;
- координирани се активностите на Министерството за финансии поврзани со подготовка на документите кои произлегуваат од процесот на европска интеграција.

**1.9.9. Царинска политика, систем и постапки**

- донесен е Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за Царинската тарифа;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за Царинската управа;
- донесена е Уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стока која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки;
- донесена е Уредба за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на комисијата на европските заедници за распоредување на одредени стоки во комбинираната номенклатура;
- донесена е Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на царинскиот закон;
- донесена е Одлука за усогласување на Царинската тарифа за 2009 година;
- донесен е Правилник за дополнување на Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за службената облека и ознаките на чиновите и начинот на нејзиното доделување и користење на царинските службеници;
- донесен е Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат;
- донесен е Правилник за висината на надоместоците за извршените услуги и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај;
- потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за учевство на Република Македонија во Програмата на заедницата “Customs 2013“.

**1.9.10. Јавна внатрешна финансиска контрола**

- донесен е Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли во јавниот сектор во 2007 година;
- изработен е и е доставен Project Ficxe до Секретаријат за европски прашања за наредниот твининг проект во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2008 година кој ќе се реализира во 2010 година и истиот е прифатен од Делегацијата на ЕУ;
- донесен е Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли во јавниот сектор во 2007 година;
- изработен е и е доставен Project Ficxe до Секретаријат за европски прашања за наредниот твининг проект во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2008 година кој ќе се реализира во 2010 година и истиот е прифатен од Делегацијата на ЕУ;
- изработен и доставен Standard Project Identification Cxeet и Project Ficxe до Секретаријат за европски прашања за нареден твининг проект во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2009 година кој ќе се реализира во 2011/2012 година;
- изготвен е Конечен извештај за самопроценка на системите на управување и контрола на петтата компонента од ИПА фондови, кој е доставен до: Националниот координатор за авторизација (НАО), Националниот фонд (НФ), телото за управување со ИПА фондовите (Managing Aytxorits)во МЗШФ и ИПАРД платежната агенција;
- учествувано е во спроведувањето на Ревизијата на усогласеност (Compliance Accеccment) за ИПА фондовите И-ИВ компонента со надворешните ревизори од Брисел;
- Спроведена е ревизија во: Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти; Јавното претпријатие Македонска радио - телевизија (МРТ); Јавното претпријатие „Македонски железници - Инфраструктура; Дирекцијата за заштита на лични податоци; и Агенцијата за развој и инвестиции.
- во рамки на постојниот твининг проект "Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Република Македонија" - остварена е мисија со странските експерти во врска со предлог Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и неговите подзаконски акти;
- во рамки на постојниот твининг - проект во тек се 10 пилот - ревизии во 10-те пилот институции од страна на 10 ревизорски тимови;
- во 2008 година започна реализацијата на Проектот „Поддршка на општините за управување со јавните финансии" финансиран од ЕУ и раководен од Европската агенција за реконструкција. Одржани се две работилници од компонентата внатрешна ревизија и финансиско управување и контрола.

**1.9.11. Управа за имотни правни работи**

- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за експропијација.

**1.9.12. Државен девизен инспекторат**

- континуирано се вршеше инспекциски надзор од надлежност на Државниот девизен инспекторат и поднесувани се барања за покренување прекршочна постапка пред надлежните основни судови;
- изготвен е Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење во врска со наплата на стоки и услуги во странска ефектива;
- изготвен е Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција;

### 1.9.13. Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите

Согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии од Октомври 2008, во рамки на Министерство за финансии формирано е Самостојно Оделение за внатрешна ревизија на ЕУ – ИПА фондовите кое ќе врши работи и задачи кои се однесуваат на: планирање, организирање и спроведување на внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондовите (компоненти I – V) во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија и е непосредно сврзано со Националниот Координатор за Авторизација.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

### 1.10.1. Макроекономска политика

***Постигнати резултати***

- редовно се подготвувани Извештаи за Краткорочните економски движења на месечно и квартално ниво и доставувани до Владата на Република Македонија за информирање;
- подготвен е Годишен економски извештај (на македонски и англиски јазик);
- подготвен е Национален Развоен план 2009-2013 година;
- подготвена е Претпристапна економска програма (ПЕП) 2009-2011;
- во соработка со UNDP подготвена е Студија за приближување кон Европската унија: предизвици и можности;
- во соработка со UNDP подготвен е Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на Милениумските развојни цели;
- отпочнати се активностите во врска со подготовката на Претпристапна економска програма (ПЕП) 2010-2012.
- подготвен е МАК - модел за економски проекции;
- подготвен е модел за финансиско програмирање;
- подготвени се измени на Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување,
- спроведени се сите неопходни активности за реализација на мерките предвидени со промената на концептот на пресметка и исплата на плата на вработените (преминување од принцип нето кон бруто плата), како и намалување на придонесите од задолжително социјално осигурување.

***Очекувани активности***

- да се подготват информации за Краткорочните економски движења на месечно ниво;
- да се подготват квартални информации за економските движења во вториот, третиот и четвртиот квартал од 2009 година;
- да се усвои Нацрт- националниот развоен план на Република Македонија за 2008 - 2013 година;
- да се подготви Претпристапна економска програма (ПЕП) 2010-2012 и да се достави до Европската комисија до 30 јануари 2010 година;
- да се подготви и усвои Макроекономска политика за 2010 година;
- да се унапредува макроекономското моделирање и проектирање;
- да се подготви мал модел за економско предвидување – Минимод – за земјите кандидати и членки на Еропската Унија;

- **1.10.2. Буџетска политика**

- ***Постигнати резултати***
- усвоена е Фискалната стратегија за 2010-2012 година;

- изготвен е буџетскиот циркулар за 2010 година;
- изработена е завршната сметка на Буџетот за 2008 година;
- донесени се Измени и дополнувања на Буџетот за 2009 година;
- се продолжува со реформите во буџетскиот процес преку обезбедување на современ пристап на пополнување на буџетскиот циркулар, со директно (on-line) пополнување на обрасците преку WEB-апликација, објавена на web страната на Министерството за финансии;
- донесен е Законот за извршување на Буџетот за 2009 година во насока на зајакнување на независноста и самостојноста на регулаторните тела;
- донесен е нов Правилник за класификација на расходите;
- донесен е Правилник и Образец за извештајот за рекламниот простор - искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или побаруваат по таа основа;
- донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на донации за време на изборна кампања;
- донесен е Правилник за начинот и постапката за водење на евиденцијата што се води во Фондот за здрваствено осигурување на Македонија за обврзниците за пресметка и уплата на придонеси за задолжително здравствено осигурување, формата и содржината на обрасците на барањата за утврдување на мирување на долгот и листата за евиденицијa;
- изработена и е доставена е до Владата на Република Македонија, Уредбата за методологија за распределба на приходите од Данокот на додадена вредност по општини за 2010 година, како и нејзината измена;
- изработени се актите за интерните процедури;
- се вршеше контрола на исплатата на платите на буџетските корисници согласно новиот концепт за бруто плата;
- усвоена е Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2009 - 2011 ;
- усвоен е Извештајот за реализација на Програма за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2008-2010 во 2008 година;
- подготвена е Информација за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2008 година;
- подготвувани се месечни информации за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2009 година (за периодот јануари – октомври 2009 година) и истите се доставени до Владата на Република Македонија.

- ***Очекувани резултати до крајот на 2009 година:***
- да се донесе Буџетот на РМ за 2010 година и Законот за неговото извршување;
- да се ревидира Фискалната Стратегија за 2010-2012
- редовно извршување на обврските согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година (планирање, анализа, мислења, информации, следење на буџетите на општините преку извештаите, контрола на исплата на плати)
- да се изготви Програма за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2010 - 2012 ;
- да се изготвуваат месечни информации за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2009 година (за периодот ноември - декември 2009 година)
- да се подготви Стратешкиот план на Министерство за финансии за периодот 2010- 2012 година;

### 1.10.3. Трезорско работење

- ***Постигнати резултати***
- спроведени се контроли на работењето на трезорските канцеларии, како дел од процесот за одржување на квалитетно и непречено извршување на трезорското работење;
- редовно се извршени обврските, согласно Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетите и подзаконските акти од областа на трезорското работење;
- разгледани и прифатени се иницијативи за потребата од воведување на интегриран информациски систем за ефикасно владино управување и за реализација на истото преземени се активности за утврдување на финансиските рамки на проектот и за утврдување на опфатноста;
- зајакнати се административните капацитети на Националниот фонд преку одделување на функциите кои ги извршува Националниот фонд во две Одделенија, (Одделение за финансиски менаџмент и Одделение за финансиска и системска контрола);
- ревидирани се нацрт–процедурите за внатрешните постапки за работа на Национален фонд согласно препораките од ревизорските мисии;
- доделена е национална акредитација за децентрализирано управување со ЕУ средствата од 1 и 3 компонента од ИПА;
- доделена е национална акредитација за децентрализирано управување со ЕУ средствата за 4 компонента од ИПА;
- доделена е национална акредитација за децентрализирано управување со ЕУ средствата без предходна контрола за 5 компонента од ИПА;
- реализирана е Ревизорска Мисија за доделување на право на управување со средствата од прва и трета компонента на ИПА од страна  на Генералниот директорат за проширување, Генералниот Директорат за регионален развој, на која во улога на набљудувачи учествуваа и претставници од Генералниот директорат за вработување и социјална политика.
- реализирана е Ревизорска мисија за пренос на надлежности за четврта компонента од ИПА, од страна на Генералниот директорат за вработување и социјална политика;
- направена е симулација за Внатрешните постапки за работа за НФ и НАО во однос првите четири компоненти од ИПА;
- направена е симулација за Внатрешните постапки за работа за НФ и НАО во однос на петтата компонента од ИПА;
- донесена е Одлука од страна на ЕК за Пренесување на надлежноста за децентрализирано управување со ЕУ средствата со претходна контрола за 3 компонента од ИПА;
- донесена е Одлука од страна на ЕК за Пренесување на надлежноста за децентрализирано управување со ЕУ средствата со претходна контрола за 4 компонента од ИПА;
- извршена е измена на Договорите за имплементација со Телото за управување при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска помош во земјоделството и руралниот развој.
- Спроведена е ревизорска Мисија за доделување на право за децентрализирано управување со средствата од петтата компонента од ИПА, од страна ГД за земјоделство

***Очекувани резултати:***

- пренесување на надлежноста за децентрализирано управување со ЕУ средствата со предходна контрола за 1 компонента од ИПА;

- пренесување на надлежноста за децентрализирано управување со ЕУ средствата без предходна контрола со 5 компонента.
- потпишување на Финансискиот договор со Европската комисија за четвртата компонента на ИПА за децентрализирано спроведување на Оперативната програма за развој на човечки ресурси;
- потпишување на повеќегодишен Финансиски договор со Европската комисија за петтата компонента на ИПА за целосно децентрализирано спроведување на ИПАРД програмата;

### 1.10.4. Централно финансирање и склучување на договори

***Постигнати резултати***

- зајакнати се административните капацитети на Секторот преку нови вработувања, унапредување на постојните вработени и континуирано спроведување на обуки за вработените за прашања поврзани со децентрализирано управување со пред-пристапната помош на ЕУ, со цел ефикасно и ефективно извршување на предвидените работни надлежности кои се пропишани во Прирачникот за внатрешни постапки за работа на Секторот и Актот за систематизација на Министерството за финансии. Исто така, преку бројни обуки за вработените и одржани координативни состаноци зајакнати се административните капацитети на ресорните министерства/ институции корисничкi на ИПА Компонентите I-IV;
- ревидирани се и одобрени Прирачникот за внатрешните постапки за работа во ЦФЦД и Упатствата за спроведување на Програмите од страна на вработените во согласност со препораките од мисијата за проценка на усогласеноста на системот со критериумите за акредитација на Европската унија;
- подготвена е Анализата на обем на работа според утврдена методологија согласно Прирачниците за работа на ЦФЦД, која го дава потребниот оптимален број на вработени во Секторот кој треба да резултира во ефикасно и ефективно извршување на сите задачи кои му се доделени на Секторот;
- ревидирана е правната рамка која го дефинира системот за децентрализирано управување со ЕУ фондовите согласно препораките од Мисијата за оценка на усогласеноста на системот за децентрализирано управување со ИПА помошта во Република Македонија со критериумите за акредитација воспоставени од страна на Европската комисија, и тоа:
- ревидиран е Договорот за спроведување на проектите финансирани од ИПА во кои се утврдени одговорностите и взаемните права и обврски на Националниот координатор за авторизација (НКА)/ Националниот фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД),
- ревидирани се Оперативните договори потпишани помеѓу ЦФЦД и ресорните министерства/ институциите корисничкi;
- потпишан е Договор за субделегирање на задачите во однос на Проектот Коридор X од третата компонента на ИПА, помеѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта, кој е одобрен од Раководителот на Оперативната Структура за Регионален развој;
- Националниот координатор за авторизација издаде национална акредитација на Оперативните структури за првата, третата и четвртата компонента од ИПА врз основа на Извештајот со ревизорско мислење од споведената ревизија за проценка на усогласеноста на воспоставениот ДИС систем во Република Македонија со акредитациските критериуми од ИПА Регулативата;
- подготвени се и доставени до Европската Комисија акредитациските пакети за првата, третата и четвртата компонента од ИПА. Акредитациските пакети ја опфаќаат целокупната документација која ја формира правната рамка за воспоставување на

децентрализиран систем за управување во Република Македонија, организационата поставеност на сите тела и институциии во рамките на Оперативните структури за првата, третата и четвртата компонента од ИПА;

- спроведени се ревизорски мисии од страна на стручните служби на Европската комисија за оценка на усогласеноста на системот за децентрализирано управување со ИПА помошта во Република Македонија со критериумите воспоставени од страна на Европската комисија, како и оценка на капацитетите на Оперативните структури за првата, третата и четвртата ИПА Компонента;
- добиени се Ревизорските извештаи за спроведените ревизорски мисии за првата, третата и четвртата ИПА Компонента со позитивни ревизорски наоди за трета и четврта компонента и утврдени недостатоци со дефинирани рокови за нивно надминување со цел правилно и ефикасно користење на ИПА помошта во рамките на овие Компоненти;
- подготвени се Акциски планови за отстранување на недостатоците согласно наодите на ревизорските мисии за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од третата и четвртата компонента на ИПА;
- по добивањето на ревизорските извештаи, подготвени се и доставени месечни извештаи за постигнатиот напредок на ДИС системот согласно наодите од ревизорските извештаи за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од третата и првата компонента на ИПА. Месечните извештаи се подготвуваат и доставуваат континуирано до Европската Комисија од страна на Националниот службеник за авторизација;
- организирани се и одржани четвртите редовни состаноци на Секторските комитети за следење на напредокот на Оперативните програми за третата и четвртата компонента на ИПА, каде што ЦФЦД ја извршуваше улогата на Секретаријат на овие комитети;
- подготвени се и доставени до Европската Комисија Годишни извештаи за имплементација на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 и Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 финансирани од ИПА;
- Европската Комисија додели акредитација на националните структури во Република Македонија за децентрализирано управување со средствата од третата компонента на ИПА – Регионален развој и акредитација на националните структури во Република Македонија за децентрализирано управување со средствата од четвртата компонента на ИПА – Развој на човечки ресурси ;
- подготвени се и доставени до Европската Комисија ИПА Апликациите за двата големи инфраструктурни проекта од Оперативната програма за Регионален развој 2007-2009 (Проект Коридор X и проект Пречистителна станица за отпадни води во Прилеп);
- потпишан е Финансискиот договор со Европската комисија за третата компонента на ИПА, со што започна имплементацијата на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009;
- Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија, со која се воспоставуваат сите институции и одговорни лица во рамките на децентрализираниот систем за управување со ИПА помошта, и нивните надлежностите и одговорности е ревидирана во согласност со наодите од ревизорските извештаи за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од првата,третата и четвртата компонента на ИПА;
- доставена е ревидираната ИПА апликација за Проектот Коридор X до Европската Комисија и затворена е финансиската конструкција на проектот.

***Очекувани резултати:***

- потпишување на Финансискиот договор со Европската комисија за четвртата компонента на ИПА за децентрализирано спроведување на Оперативната програма за развој на човечки ресурси, по што ЦФЦД ќе може да започне со спроведување на проектите финансирани од ИПА Компонента за развој на човечките ресурси;
- спроведување на тендерска постапка и потпишување на договори за проекти кои што ќе се финансираат со средствата од ИПА помошта според Планот за набавки;
- воспоставување на формалните Секторски комитети за следење на напредокот на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 и Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 финансирани од ИПА ;
- изготвување на Проектните задачи за воспоставување на Менаџмент информационен систем за следење на управувањето со проектите финансирани од ИПА во Република Македонија, вклучувајќи и сметководствен систем заради надминување на еден од главните наоди од ревизорските извештаи од Европската комисија;
- отстранување на недостатоците од ревизорскиот извештај за ИПА Компонента 1 и доделување национална акредитација за децентрализирано управување со помошта од ИПА Компонента 1.

### 1.10.5. Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи

***Постигнати резултати:***

- донесени се два закони со кои се врши измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (една измена и една измена и дополнување);
- донесени се три измени и дополнувања на Законот за акцизи ( една измена и две измени и дополнувања);
- донесени се две измени и дополнувања на Законот за персоналниот данок на доход, (едно дополнување и една измена и дополнување);
- донесени се две измени и дополнувања на Законот за даночна постапка (една измена и една измена и дополнување);
- донесен е Правилник за изменување на Правилникот за техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавни игри и стручната способност на лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа;
- донесен е Правилник за формата содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен инспектор;
- донесен е Правилник за формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен извршител;
- донесен е Правилник за формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на даночен контролор.

### 1.10.6. Финансиски систем

***Постигнати резултати:***

- донесен е Закон за инвестициски фондови;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за банките;
  донесен е Закон за Македонска банка за поддршка на развојот;
- донесена е Одлука за Осма емисија на обврзници за денационализација;
- донесен е Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација;
- организирана е обука и испит за осигурителен брокер;
- организирана е обука и испит за актуари;

- спроведени се четири теренски супервизии врз целокупното работење на четири друштва за осигурување;
- издадени се два прирачника од областа на осигурувањето и супервизијат (Прирачник за начинот на спроведување на супервизија на осигурување кој опфаќа содржина која се однесува на целите на супервизијата и Прирачник за спречување перење пари во осигурувањето кој опфаќа содржина која се однесува на мерките и дејствијата за спречување на перење пари);
- обработка на годишни и квартални извештаи од друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва;
- донесен е Правилник за начинот и условите за поднесување на годишната сметка во електронска форма;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за сметководство за буџети и буџетските корисници;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за сметководство за непрофитните организации;
- донесен е Правилник за изменување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите;
- донесен е Правилник за образецот, формата, содржината и начинот на водење на годишниот финансиски извештај за политичките партии;
- донесено е Упатството за изменување на Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата;
- издадени се две Дозволи за вршење финансиски лизинг;
- издадена е една Дозвола за вршење на работи на осигурување;
- издадени се две Дозволи за вршење осигурително брокерски работи;
- издадена е една Дозвола за застапување од банки;
- издадени се 17 согласности на друштва за осигурување (за статут, за органи на управување, за избор на друштво за ревизија);
- издадени се 27 лиценци на осигурителни брокери;
- издадена е една лиценца за овластен актуар;
- издадени се 597 лиценци за застапник во осигурувањето.

***Очекувани резултати:***

- донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство за непрофитни организации;
- донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- објавување на Меѓународните сметководствени стандарди, Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за ревизија;
- донесување на Правилник за формата и содржината на годишната сметка за банките и другите финансиски институциите;

### 1.10.7. Управување со јавен долг

***Постигнати резултати:***

- емисија на државните хартии од вредност согласно со Календарот за емисија на ДХВ;
- кординирање на процесот за обезбедување како и објавување на кредитниот рејтинг на Република Македонија од страна на реномирани агенции за кредитен рејтинг;
- Донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност;
- издадена е втората еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал во износ од 175 милиони евра;
- изработена е и диструбуирана е Публикација за пазарот на државните хартии од вредност на двомесечна основа за информирање;
- донесена е Стратегија за управување со јавен долг за период 2009-2011 година;
- изготвен е Годишниот извештај за спроведување на стратегијата за јавниот долг за 2008 година;
- изработен е квартален извештај за јавниот долг за Q1 и Q3 за 2009 година;
- изработен е полугодишен извештај за јавниот долг за првото полугодие од 2009 година;
- редовно се сервисирани обврските по внатрешниот и надворешниот долг на државата кои се плаќаат од Буџетот на РМ;
- редовно е следена состојбата на јавниот долг;
- завршени три од вкупно четири фази од имплементацијата на софтверот за управување со јавниот долг;
- воведување и издавање на на државни записи со девизна клаузула;
- затворање на финансиската конструкција на стратешките проекти на Владата на Република Македонија за 2009 година;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност;
- проширена е лепезата на рочност на државните хартии од вредност;
- креирање на модел за мерење на фискалната оддржливост на Република Македонија;

***Очекувани резултати:***

- емисија на државните хартии од вредност согласно со Календарот за емисија на ДХВ;
- изработка на Публикација за пазарот на државните хартии од вредност на двомесечна основа;
- целосно имплементирање на софтверот за управување со јавен долг;
- Редовно сервисирање на обврските по внатрешниот и надворешниот долг на државата што се плаќаат од Буџетот на РМ,
- Редовно следење на состојбата на јавниот долг,
- издавање на на државни записи со девизна клаузула;
- воведување и издавање на на државни обврзници со девизна клаузула;
- донесување на Уредба за начинот и постапката за задолжување на оптштините, општините во градот Скопје и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
- воспоставување на систем на електронско плаќање кон странство преку апликација на Народна банка на РМ;
- одржување на состаноци на Пазарен комитет за развој на пазарот на државни хартии од вредност
- одржување на состаноци на Комитетот за кординација на монетарната, фискалната и политиката на управување со јавниот долг.

- редовно ажурирање на WEB страната на Министерството за финансии во делот на Државни хартии од вредност и Јавни финансии-Јавен долг
- Давање мислења по основ на барања за задолжување и/или издавање на државна гаранција на носителите на јавниот долг;
- редовно учество на претставници од Секторот за јавен долг во преговорите со меѓународните финансиски организации и комерцијални банки.

### 1.10.8. Усогласување со Европската унија и меѓународни финансии

- ***Постигнати резултати:***
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на општинските услуги;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери;
- донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за правно наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот Монетарен Фонд;
- донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постојната регионална и општинска патна мрежа;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај KfW банката за проектот “Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза 2“;
- донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај KfW банката за проектот “Водовод и канализација на општините фаза 1“;
- подготвени се измени на Прирачникот за процедурите за работа на ИПА одделението;
- потпишан е Амандман на Оперативниот договор за првата ИПА компонента со Програмскиот службеник за авторизација;
- испратен е пакетот за акредитација на ДИС за Министерството за финансии;
- изготвено е проектно фише за проектите кои Министерството за финансии ќе ги имплементира во рамките на првата ИПА компонента 2009 година;
- изработени се проектните задачи за твининг договорот и за договорот за услуги за проектите кои ќе се имплементираат во рамки на ИПА 2009, компонента 1;
- редовно е следено и известувано за статусот на реализација на мерките и активностите на Министерството за финансии кои произлегуваат од Скицата за реализација на препораките од Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија;
- координирани се активностите на Министерството за финансии поврзани со подготовка на документите кои произлегуваат од процесот на европска интеграција.

***Очекувани резултати:***

- да се изготват проектните фишеа за проектите кои Министерството за финансии ќе ги имплементира во рамките на првата ИПА компонента 2010 година;
- да се отпочне со следење на реализацијата на преостанатите одредници од Партнерството за пристапување 2008 година.

### 1.10.9. Царинска политика, систем и постапки

***Постигнати резултати:***

- донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинска управа;
- донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат;

***Очекувани резултати:***

- подготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на законот за Царинската тарифа согласно насоките на Владата на Република Македонија за инкорпорирање на предлозите за намалвуање на царинските тарифи кај чевларска и прехрамбената индустрија и воведување на интегрирана царинска тарифа (со цел имплементирање на новиот софтвер за обработка на податоци СОЦД);
- подготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон;
- подготвување на Предлог Одлука за усогласување  и менување на Царинската тарифа за 2010 година  и
- да се подготви и донесе Уредба за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура  која се прави секоја година со цел еднообразна примена на  правилата за распоредување на стоките.

### 1.10.10. Јавна внатрешна финансиска контрола

***Постигнати резултати***

- донесен е нов Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
- доставен до Владата на Република Македонија Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли во јавниот сектор во 2008 година;
- изработен е и доставен е Project Fiche до Секретаријатот за европски прашања за наредниот твининг проект во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2008 година кој ќе се реализира во 2011 година и истиот е прифатен од Делегацијата на ЕУ;
- Во рамки на Твининг проект "Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Република Македонија" реализирани се  обука за вештини за известување, обука за „Вештини за советување" за вработените во ПИФК секторот, презентација на спроведени ревизии во 10 пилот институции, обука за мониторинг на годишни извештаи; обука за управување со ризик; обука за обучувачи, „Презентирање и техники за обука", обука за „Мониторинг на годишни извештаи, стратешки и годишни планови" и обука за подготовка на стратешки годишни планови
- Спроведена е ревизија во: Агенција за развој и инвестиции на Република Македонија, Министерство за образование и наука, Агенција за вработување на Република Македонија, ЈП „Плаваја" Радовиш, Студентски дом „Пелагонија" Скопје, АД „Македонски пошти" (која е во тек) и Министерство за финансии – ревизија на една јавна набавка на барање на Комисијата за борба против корупцијата.

***Очекувани резултати :***

- да се подготви Предлог Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор
- да се подготоват подзаконските акти на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола
- да се подготови Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија.
-

**1.10.11. Управа за имотни правни работи**

***Постигнати резултати***

- постигнат е напредок во приватизацијата на градежното земјиште како резултат на изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;
- реализирани се проекти за изградба на објекти од јавен интерес, согласно Законот за експропријација.

***Очекувани резултати***

- да се подготви и донесе нов Закон за експрориjација.

**1.10.12. Државен девизен инспекторат**

***Постигнати резултати***

- донесен е закон за изменување и дополнување на законот за девизно работење;
- изготвен е Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција;
- изготвен е Деловник за работа на прекршочната комисија;
- изготвен е Правилник на водење на евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочната постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата;

***Очекувани резултати:***

- донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција;
- донесување на Правилник на водење на евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочната постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата;
- отпочнување со работа на Комисијата за прекршоци во Државниот девизен инспекторат.

**1.10.13. Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите**

**Постигнати резултати**

- изготвена е Анализа на ризици по процеси во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија;
- изготвен е петгодишен Стратешки план за внатрешна ревизија за периодот 2009-2013година;
- изготвен е Годишен план за внатрешна ревизија за 2009 година;
- изготвена е и усвоена Повелба за внатрешна ревизија на Оделението; - изготвен е Прирачник за внатрешна ревизија на Оделението за внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите согласно меѓународните стандарди за внатрешна ревизија;

- изготвени се процедури за работа за сите суштински активности кои ги спроведува Оделението;
- отпочнати се ревизии согласно Годишниот план за ревизија во Министерството за труд и социјална политиката, Министерството за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, како и во две институции корисничкi на ИПА фондовите: Државен завод за статистика и Управа за јавни приходи

**Очекувани резултати:**
- Завршување на отпочнатите ревизии од крајот на вториот квартал на 2009 година;
- Спроведување на планираните ревизии согласно Годишниот план за ревизија за 2009 г;
- Зајакнување на капацитетот на Оделението согласно планираните обуки.

## 1. ПРОГРАМИ

### 1.11.1. Макроекономска политика

Оваа Програма предвидува извршување на активности за проектирање на макроекономските индикатори, подготовка на развојни документи сврзани со кандидатскиот статус на земјата (Претпристапна економска програма – ПЕП), подготовка на Макроекономска политика, Национален развоен план, подготовка на Годишен извештај, како и месечни и квартални економски информации. Основни цели на оваа Програма се подготовка на одржлива макроекономска и развојна политика на краток и на среден рок, зајакнување на капацитетот за подготовка на квалитетни економски анализи, предлагање на економски реформи и оценка на економски и социјални ефекти од реформите.

### 1.11.2. Буџетска политика

Во оваа Програма се извршуваат активности околу утврдувањето на буџетската политика и подготвувањето на буџетот, кој ќе биде одраз на владините политики за односната година, се подготвуваат и буџетите на фондовите основани со закон, како дел од Буџетот на Република Македонија, а воедно се следат и буџетите на единиците на локалната самоуправа, преку извештаите што општините ги испраќаат до Министерството за финансии. Исто така, се подготвува Фискалната стратегија на среден рок, како и среднорочната Програма за јавни инвестиции, со извештај за реализација на истата.

### 1.11.3. Трезорско работење

Оваа буџетска Програма ја вклучува реализацијата на основните функции на трезорското работење, односно извршувањето на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на единиците на локалната самоуправа, управувањето со ликвидноста, водењето на буџетското сметководство, изготвувањето извештаи, следењето на наплатата на приходите, наплатата на ненамирените кредитни обврски и нов репласман на истите во насока на поддршка и финансирање на приватната иницијатива (КФ и странска помош), наплата на побарувањата на државата и наплатата на ненамирените кредитни обврски и нов репласман на истите во насока на поддршка и финансирање на приватната иницијатива (КФ и странска помош), наплатата на побарувањата на државата и финансиско управување со средствата од инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА). Во рамките на оваа програма се извршуваат активности околу: внесување на барањата за плаќање доставени од буџетските корисници во трезорскиот систем со претходно извршена формална контрола на исправноста на истите. Се води евиденција на преземените обврски од страна на буџетските корисници преку внесување на обрасците за пријавување на преземените обврски на буџетските корисници, обезбедување на прегледи за промените и состојбата на

сметките на буџетските корисници; се води евиденција за достасаните ненамирени обврски на буџетските корисници; се подготвуваат проекции на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи на трезорската сметка и другите сметки на државата и управување со нивната ликвидност. Исто така, во рамките на оваа Програма се врши и организирање на банкарски сметки за средствата од ИПА, барање на ИПА средства од Европската Комисија, авторизирање на трансферот на ИПА средствата до Оперативната Структура и финансиско известување до ЕК, како и обезбедување на ефикасно функционирање на системот за управување и контрола на ИПА средствата.

**1.11.4. Централно финансирање и склучување на договори**

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности што се однесуваат на децентрализирано управување со фондовите на ЕУ, спроведување на регулативите и процедурите пропишани од Европската комисија за реализација на програмите и проектите финансирани со средства кои ЕУ и ги доделува на Република Македонија. Исто така, во рамките на оваа програма се вршат активности поврзани со распишување на тендери, организирање и спроведување на тендерски постапки, подготовки и склучување на договори, вршење на плаќањата кон контракторите со кои се склучени договорите, следење на спроведувањето на проектите, водење на сметководство за сите трансакции поврзани со проектите финансирани од ИПА Компопнентите I-IV, доставување на извештаи до Европската комисија поврзани со реализација на програмите финансирани од претпристапните фондови на Европската унија. Исполнувањето на оваа програма се врши во континуирана соработка со сите ресорни министерства кои се корисници на проекти како и во соработка со домашни и странски ревизорски служби.

**1.11.5. Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи**

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за уредување на даночниот систем и политиката на даноците во Република Македонија. Во врска со ова, се врши изготвување на регулативата од областа на директните и индиректните даноци и игрите на среќа, следење на регулативата во други држави и се вршат анализи и истражувања за реализацијата на даночните приходи.

**1.11.6. Финансиски систем**

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за изготвување на регулатива од областа на банкарскиот систем и небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, издавање на дозволи и согласности за работа на друштвата за осигурување и осигурително - брокерските друштва, спроведување на супервизии (контроли), изготвување на годишен извештај за осигурителниот пазар во РМ, издавање лиценци за работа како осигурителен брокер, издавање на дозволи за работа на друштвата за финансиски лизинг, издавање дозволи за работа како овластен актуар, организирање обука и спроведување испит за осигурителен брокер, како и изготвување мислења, анализи и информации од областа на финансискиот систем.

**1.11.7. Управување со јавен долг**

Во рамките на оваа Програма се создаваат услови и претпоставки за одржување на долгот утврдените рамки согласно Стратегија за уптравување со јавен долг и постепено намалување на јавниот долг во однос на БДП. Исто така, напорите се насочени и кон обезбедување позитивни структурни поместувања во насока на постепено намалување на долгот со варијабилни каматни стапки кон долг со фиксни каматни стапки, постепено зголемување на долгот во домашна валута во однос на тој во странска валута, како и

зголемување на долгот во евра во однос на долгот во други валути. Во рамките на оваа Програма, исто така, се прават напори за намалување на трошоците на јавниот долг на среден рок со оптимално ниво на ризик и активно управување со портфолиото, како и следење на потребите и обезбедување на средства за рефинансирање на долгот портфолиото, развој на секундарниот пазар на државни хартии од вредност, преку зголемување на годишните нето емисии на државни хартии од вредност, продажба на ДХВ преку неконкурентни понуди, користење на РЕПО операции и ОТС тргување, и слично. Истовремено, ќе се продолжи со стимулирање на побарувачката на домашни хартии од вредност, креирање на софтверско решение за евиденција и управување со јавниот долг; креирање на регистар за јавен долг, креирање на подзаконски акти, спроведување на донесената среднорочна стратегија и годишно ажурирање на истата, како и редовно сервисирање на обврските по основ на јавниот долг и ажурирање на евиденцијата на јавниот долг; допрецизирање на регулативата која се однесува на начинот и постапката за задолжување на општините, јавните претпријатија основани од општините и јавните претпријатија основани од државата.

**1.11.8. Усогласување со Европската унија и меѓународни финансии**

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности за усогласување со Европската унија и меѓународни финансии што се однесуваат на хармонизација на законите што се во надлежност на Министерството за финансии со законодавството на Европската унија; ИПА планирање на приоритети и потреби кои произлегуваат од НПАА; програмирање на првата компонента од ИПА инструментот во делокругот на Министерството за финансии; подготовка на проекти и тендерска документација; техничка имплементација на проектите на Министерството за финансии кои ќе се финансираат со ИПА фондови; мониторинг - следење и известување за извршувањето на проектите финансирани со ИПА и евалуација на ИПА програми; соработка со меѓународни финансиски институции, како Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската инвестициона банка, Европската банка за обнова и развој, Банката за развој при Советот на Европа; соработка со билатерални кредитори (КфВ, ЈИЦА, ЈБИЦ) и други мултилатерални кредитори. Соработката со меѓународните финансиски институции се одвива преку формулирање и имплементирање на среднорочните стратегии за официјална развојна соработка, како и следење на имплементацијата на проектите кои се реализираат со меѓународни договори.

**1.11.9. Царинска политика, систем и постапки**

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за уредување на царинскиот систем и учество во креирање на царинската политиката на царините во Република Македонија. Во врска со ова, се врши изготвување на регулативата од областа на царинскиот систем, следење на регулативата во други држави и се вршат анализи и истражувања за реализацијата на царинските приходи.

**1.11.10. Јавна внатрешна финансиска контрола**

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, изготвување на подзаконските акти во оваа област, развој на јавната внатрешна финансиска контрола и изготвување на правна рамка, вршење на финансиска контрола согласно со годишниот план.

Основни цели на Јавната внатрешна финансиска контрола се успешна имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и утврдување правна рамка за Јавна внатрешна финансиска контрола (PIFC). Основни цели на Програмата се:

- одржувањето на долгорочниот фискален интегритет на јавниот сектор во Република Македонија;
- намалување на случаите на злоупотреба и корупција; и

- зајакнување на системот на јавната внатрешна финансиска контрола преку развој на стабилно финансиско управување, независна внатрешна ревизија и зголемување на капацитетите на единицата за централна хармонизација во Министерството за финансии.

**1.11.11. Управа за имотно-правни работи**

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за управување со административните процедури, согласно со постојната законска регулатива во Република Македонија во областа на имотно - правните работи и активности за спроведување на управната постапка за реализација на законите од областа на имотно-правните односи. Основна цел на Управата за имотно правни работи е: да ги согледува и уредува имотно-правните односи со предлагање на законски прописи и подзаконски акти, кога една од страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште); да биде советодавен орган на Владата на Република Македонија кога се во прашање сопственичките и другите имотно - правни односи, а се предмет на интерес на Владата и другите државни органи и меѓу Владата и единиците на локалната самоуправа; непосредно да ги извршува законите и да ја следи реализацијата на законите од областа на имотно-правните односи.

**1.11.12. Државен девизен инспекторат**

Државниот девизен инспекторат врши непосреден инспекциски надзор на девизното работење над резиденти и нерезиденти во следните домени: извоз и увоз на стоки и услуги со странство; платен промет со странство; вложувања на нерезиденти во земјата (директни и портфолио); вложувања на резиденти во странство (директни и портфолио); услуги за брз трансфер на пари, менувачкото работење и финансиските посредници, нерезидентни сметки (депозитни работи); кредитни работи со странство.

Согласно со изменувањето и дополнувањето на Законот за девизно работење, Државниот девизен инспекторат поведува и води прекршочна постапка.

Основни цели на Државниот девизен инспекторат се: утврдување на правилна примена на законските прописи од областа на работата на Државниот девизен инспекторат, преземање законски мерки по утврдени неправилности и подготовка на Закон за девизната инспекција.

**1.11.13. Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите**

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности со цел да се осигури дека системте за управување и контрола во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија, обезбедуваат ефикасно користење на средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ – ИПА.

.

## ПОСТАПКИ ЗА ВРШЕЊЕ КОНСУЛТАЦИИ

Во остварувањето на своите активности и извршувањето на задачите Министерството за финансии тесно соработува со: корисниците и единките корисници на средства од Буџетот; единиците на локалната самоуправа; Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонијаи Секторот за евроинтеграции при Владата на Република Македонија; банкарскиот сектор; Народната банка на Република Македонија; Државниот завод за статистика; Сојуз на стопански комори на Македонија; Македонската берза; Централниот депозитар на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Фондот за осигурување на депозити, Централниот регистар, Националното биро за осигурување, Државниот завод за геодетски работи,

институции од науката; јавните обвинителства; судовите; Комисијата за спречување на корупцијата; Секторот на стопанството (одделни деловни субјекти, компании, економски здруженија и сл.); мултилатерални и билатерални финансиски и други институции и организации (ММФ, Светската банка, Банката за развој при  Советот на Европа, СР Германија  ГТЗ и KfW, УСАИД, Шведска – СИДА, Јапонија – ЏАЈКА, Европската банка за обнова и развој, агенции на ООН (УНДП, ФАО и други), Европската инвестициона банка, Европската комисија, Делегацијата на Европската Комисија и други меѓународни субјекти и синдикати.

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

## Макроекономска политика

### 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Макроекономска политика произлегува од:

**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2010 година** - Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење, содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2010 година, односно стратешките цели:подобрување на бизнис климата; зголемување на странските и домашните инвестиции; подобрување на активните политики за вработување; продолжување на политиката за рамномерен регионален развој, развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој.

2. **НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

2 Економски критериуми

Поглавје: 3.17 – Економска и монетарна унија

Подрачје: 1 Монетарна политика

Подрачје 2 Економска политика

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** Обезбедување одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата, преку зголемување на конкурентноста, пораст на инвестициите и подобрување на деловната клима

Одржување на макроекономска стабилност, преку фискална и монетарна рамнотежа и конзистентност

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Макроекономска политика | **Цел на Програмата:** Креирање на конзистентни макроекономски политики врз основа на анализи и проекции за среднорочни економски индикатори и анализирање на нивното извршување |

**Показатели за успех на Програмата:** Создавање услови и претпоставки за обезбедување просечен годишен пораст на БДП од околу **3,5%;** стапка на инфлација со просечен годишен раст од околу 2,2%**;** учество на буџетскиот дефицит во БДП **– околу 2,2%;** намалување на сиромаштијата на среден рок за околу 2 процентни поени.

Подготовка на квалитетни анализи во рамки на месечни, квартални, годишни и повеќегодишни економски документи и извештаи

Конзистентни и објективни проекции на основните макроекономски варијабли, попрецизно проектирање на даночни приходи и следствено унапредување на буџетскиот процес.

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) **X**☐ хоризонтална ☐ вертикална

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Макроекономска политика | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Креирање макроекономска и развојна политика која ќе придонесе за остварување на стратегиските приоритети на Република Македонија | **Показател за успешност:** Изработка на квалитетни анализи и конзистентни и објективни проекции за оценка на ефектите |
| **Резултат 2:** Воведување и развој на финансиско програмирање, моделирање и проектирање на даночните приходи, | **Показател за успешност:** Примена на финансиско програмирање и унапредување на процесот на буџетско планирање |

# Буџетска политика

## 2.2. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Буџетска политика произлегува од:<br>**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2010 година** - Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење, содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2010 година, односно стратешките цели: подобрување на бизнис климата; зголемување на странските и домашните инвестиции; подобрување на активните политики за вработување со кои се делува врз знаењето и квалификациите на понудата на работна сила; инвестирање во инфраструктурни објекти; продолжување на политиката за рамномерен регионален развој; развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој; продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал; јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор; продолжување со реформата на јавната администрација; заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на децентрализираниот систем на локалната самоуправа; јакнење на системот за процесот на влијанието на регулативата; јакнење на административните капацитети за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ; зајакнување на капацитетите за имплементација на acquis (НПАА) со соодветни човечки и финансиски ресурси. |
| **2. НПАА**<br>Поглавје: Финансиски и буџетски одредби |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:** Обезбедување одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата, покрај другото и преку зголемување на конкурентноста, пораст на инвестициите и подобрување на деловната клима.<br>Одржување на макроекономска стабилност, преку фискална и монетарна рамнотежа и конзистентност. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Буџетска политика | **Цел на Програмата:** Утврдување на буџетската политика и подготовка на Буџетот на РМ, кој ќе биде одраз на владината политика и основ за буџетите на фондовите основани со закон. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Донесен Буџетот на РМ за наредната година и негова имплементација во рамки на утврдените пропорции | |

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x☐ хоризонтална ☐ вертикална

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Буџетска политика | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Креирање на фискална политика | **Показател за успешност:** Изготвување на фискалната стратегија за наредно среднорочје |
| **Резултат 2:** Креирање на буџетска политика | **Показател за успешност:** Изготвување на Буџетот на РМ и другите акти за наредната година |
| **Резултат 3:** Вклучување на стратешките планови на буџетските корисници во Буџетот на РМ | **Показател за успешност:** Постигната усогласеност на стратешките планови со Буџетот на РМ |
| **Резултат 4:** Инсталирање на софтверска апликација Е – буџет | **Показател за успешност:** Унапредување на примената на новото софтверско решение |
| **Резултат 5:** Финализирање на втората фаза на децентрализација | **Показател за успешност:** Исполнување на услови за вклучување на сите општини во втората фаза на фискалната децентрализација |
| **Резултат 6:** Унапредување на моделот на финансирање на единиците на локалната самоуправа | **Показател за успешност:** Поголема автономија за наплата на локалните даноци и управување со истите |
| **Резултат 7:** Унапредување на буџетското планирање | **Показател за успешност:** Реализирање пристап за унапредување на буџетското планирање |
| **Резултат 8:** Креирање на политика за јавни инвестиции и анализа на нивното извршување | **Показател за успешност:** Изготвување на стратегија и Програма за јавни инвестиции за наредно среднорочје и соодветни аналитички материјали |
| **Резултат 9:** Креирање на стратешка политика на Министерството за финансии | **Показател за успешност:** Изготвување на Стратешки план на МФ за наредно среднорочје |

# Трезорско работење

## 2.3. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Трезорско работење произлегува од:

